РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022), Градоначалникот на општина Гази Баба ја донесе следната

ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
Бр. 04-68/3
05.01 2026 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат за вработување по јавен оглас

1. По јавниот оглас број 1102/2025 за вработување на административен службеник во Општина Гази Баба објавен во дневните весници, „Слободен печат“ „Нова Македонија“ и „Коха“ како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација од Предлогот за вработување на кандидат на работното место Помлад соработник за подготвителни административни работи за седници на советот и работните тела на советот во Одделение за поддршка на советот и работните тела на советот, Сектор за правни и општи работи-1 извршител се избира

- **Филип Лакордов**

2. Именуваниот-та ќе биде вработен на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

На ден 02.12.2025 година во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха“ како и на интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас за вработување на административен службеник во Општина Гази Баба за работното место Помлад соработник за подготвителни административни работи за седници на советот и работните тела на советот во Одделение за поддршка на советот и работните тела на советот, Сектор за правни и општи работи-1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение бр.10-2679/3 од 16.12.2025 година донесено од страна на Директорот на Агенцијата за администрација.

Комисија спроведе административна селекција за административниот службеник и состави записник под бр. 10-2679/4 од 18.12.2025 година, по што Комисијата спроведе испит за административен службеник и за истиот состави Записник заведен под бр. 10-2679/6 од 30.12.2025 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

На ден 08.01.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под бр. 10-85/1 од 08.01.2026 година.

По спроведената постапка од страна на Комисијата до Градоначалникот на општина Гази Баба доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати со бр. 10-85/2 од 08.01.2026 година.

Согласно член 45 став 1 од од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр..275/2019, 14/2020 , 215/2021 и 99/2022) Секретарот односно раководното лице во институциите во кои не се назначува секретар, во рок од пет дена по добивањето на предлогот од членот 44 ставови 1,3 и 4 од овој закон е должен да донесе одлука за избор.

Поради погоре наведеното, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација- Комисија за одлучување по жалби и проговори на административните службеници во втор степен.

**Доставено до :**
**-кандидатот**
**-Агенција за администрација**
**-персоналното досие**
**-архива**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Градоначалник**

**Бобан Стефковски**

Изготвил
Раководител на одделение,
Сања Димовска
Одобрил
Раководител на сектор
Невенка Стаменковска Стојковски